**МОРБИЛИ-МАЛИ СИПАНИЦИ**



Се наоѓаме во период кога постои зголемена појава на вирусните заболувања меѓу кои и морбилите или малите сипаници кои преставуваат високо преносливо вирусно заболување со појава на температура, кашлање, секреција од носот, коњуктивит и исип на телото.
Кого го напаѓа вирусот?
Морбилите во најголем број се јавува кај децата во предучилишна и училишна возраст. Изворот на вирусот најчесто е болен човек.
Како се пренесува вирусот?
Вирусот го пренесува заболена личност кој го носи во себе и истиот го пренесува и го шири на другите лица по пат на кашлање, кивање, секрет од нос, очи.
Како се манифестира болеста?
Болеста се манифестира во три стадиуми, и тоа првиот стадиум трае 3 до 4 дена и е пропратен со знаци на воспаление на горните дишни патишта и очната слузница. Присутна е кијавица, суво кашлање, болка во грлото, треска, истоштеност, жед, печење, солзење на очите при што децата ги затвараат очите и им смета светлината. Може да забележите и зголемување на лимфните жлезди на вратот, во пазувните јами . Во вториот и третиот ден се појавуваат на слузницата на усната празнина и карактеристични ситни сиви наслаги кои наликуваат на зрно од песок, а изчезнуваат отприлика во временскиот период кога ќе се појави исипот на телото.
Вториот стадиум на болеста е исипниот стадиум и се случува четвртиот или петтиот ден кога се јавува температурат која достигнува врв од 40 Ц и повеќе при што и предходните симптоми се интензивираат. Исипот прво се појавува позади ушите и на челото. Потоа исипот започнува да се шири на лицето, вратот и телото и на крај на рацете и нозете. На почеток тој исип е со дискретни црвени дамки а потоа и темно црвени. Овие дамки може и да се спојат меѓу себе. За исипот од малите сипаници се вели дека се шири низ телото како чаша вода истурена на главата на детето. Со појавата на исипот температурата на телото се враќа во нормала а симптомите почнуваат да се повлекуваат. По 3 до 4 дена исипот започнува да се губи и тоа со истиот редослед како и кога започнал да се јавува. И околу осмиот ден целата состојба поминува а црвенилото на кожата го заменува фино брашнасто перутање.
Компликации
Ретко но можно е да се појават компликации предизвикани од самиот вирус или како резултат на накалемување на бактериска инфекција. Најчеста компликација е воспаление на средното уво, посебно кај малите деца. Може да се појави и пнеумонија и невролошки компликаци.
Мерки на заштита и лекување
Детето треба да мирува да одмара, да ги прекине активностите со училиштето или градинката и да биде на домашно лекување. Заради високата температура детето губи повеќе течност која треба постојано да се надокнадува. Секако треба да се земат лекови за намалување на телесната температура, лекови за ублажување на кашлање и антибиотици доколку се појави бактериска инфекција секако по препорака на доктор. Во денешно време поради навремено вакцинирање болеста се јавува ендемски или во помали епидемии.

**М-р д-р Наташа Теовска Митревска**
**Магистер по јавно здравство**